58971

Весник
Вторник 19 декември 2006 , 2263, 15



# Бистата на Тито пред Домот на АРМ ќе се отстрани бидејќи е дивоградба

Се бара нова локација на која ќе се постави споменик во природна големина

ДЕСПИНА ТРАЈКОВСКА



**ПРОЦЕДУРА** За иницијативата треба да даде мислење Советот на Општина Центар, а откако таа ќе биде прифатена, ќе може да се почне постапката за добивање градежна дозвола

Бистата на Тито што ја постави завчера Здружението на почитувачи на неговото дело во паркот пред Домот на АРМ, вчера не беше отстранета и покрај тоа што од Општина Центар експресно донесоа решение таа да се отстрани, бидејќи е дивоградба. Од Општината вчера посочија дека тие ја поддржуваат идејата на Здружението, но дека тоа дури пред пет дена ја поднело иницијативата за која Советот треба да даде мислење. Во случај таа да биде прифатена, Здружението ќе може да ја почне постапката за добивање градежна дозвола. Во меѓувреме, ќе треба да се утврди и локацијата за градба, но сигурно нема да биде ниту една од трите кои ги посочи Здружението, бидејќи ДУП не предвидува изградба на споменик во паркот пред Домот на АРМ, спроти Владата, ниту во Градски парк зад споменикот на Гоце Делчев.

Извршителите вчера, иако дојдоа кај бистата, не го спроведоа решението за уривање, бидејќи на инспекторот му ја украле чантата во која се наоѓал и налогот. Главниот инспектор Милан Пижула уривањето го закажа за денеска. Од Здружението, пак, велат дека нема да дозволат да се урне, па дури Општината да побара и асистенција од полиција.

Слободан Угриновски, претседател на Здружението на граѓани кои го почитуваат ликот и делото на Јосип Брзо Тито, вчера требаше да се сретне со градоначалничката на Општина Центар за да се реши проблемот и споменикот на Тито да добие легални рамки. Угриновски признава дека и камен-темелникот и поставувањето на бистата ги сторил без дозвола, но вели оти си дал за право да го направи тоа, бидејќи два месеца ниту една од надлежните институции не испратила повратен одговор на барањето на Здружението за изградба на споменикот. На средбата со Аларова треба да стане збор и за сите (не)намерни недоразбирања, како и за можната локација за изградба на споменикот.

Инаку, од Здружението посочуваат дека бистата е од привремен карактер, а сакаат да постават споменик на Тито во природна големина. Тие се во преговори со едно приватно лице од Титово Ужице, кое би продало таков бронзен споменик за 17.000 евра. Здружението во меѓувреме бара и од Министерството за одбрана да им го отстапи или продаде споменикот на Тито кој некогаш стоел во дворот на касарната „Илинден“, а исто такво барање има и за споменикот кој сега се наоѓа во подрумите на Собранието.